# Колку вистински чини Вашиот кредит?
## (Кратка листа на прашања кои клиентот треба да и ги постави на банката)

| Трошоци за поднесување на барање за кредит | Пополнете |
|---|---|
| Вообичаено одреден процент од бараниот износ | |

| Возможни трошоци при исплата на кредит | Пополнете |
|---|---|
| Еднократна провизија – при исплата на кредитот и вообичаено е одреден процент од износот на кредитот | |
| Провизија за обработка – најчесто е годишна и се пресметува како одреден процент од целиот кредит или од остатокот на долгот | |
| Провизија за резервација – се должи кај пречекорувањето на кредитот или кредитна линија и се пресметува на неискористениот дел од средствата | |

| Трошоци поврзани со обезбедувањето | Пополнете |
|---|---|
| Трошоци за проценка на обезбедувањето | |
| Нотарски трошоци | |
| Трошоци за осигурување на обезбедувањето | |
| Трошоци за меница | |

| Трошоци кои вообичаено се заборaваат | Пополнете |
|---|---|
| Трошоци за предвремено затварање на кредитот | |
| Трошоци за промена на условите во договорот на кредитот, рок, услови за враќање, промена на залог или промена на други услови | |

**Корисни совети:**
Секогаш споредувајте ист износ, ист рок на отплата и иста валута
Проверете дали каматата се однесува за целиот период на враќање на кредитот

# Амортизационен план - план на отплата

Практичен пример за како полесно да го следите планот на отплата на кредитот

| Износ на кредитот | Валута | Годишна каматна стапка | Висина на каматната стапка (месечно) | Број на рати | Датум на исплата на кредитот | Датум на доспевање на првата рата | Рок меѓу ратите | Стапка на вкупни трошоци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10,000.00 | EUX* | 16,8 % | 1.40% | 12 | 31.10.2008 | 11.12.2008 | месец | 22,81% |

**Стапка на вкупни трошоци и провизии:** која ги вклучува каматите и сите задолжителни трошоци на сметка на клиентот. (СВТ се изразува кај кредити исплатени на физички лица.)

**Годишна каматна стапка:** која се применува на остатокот на долгот.

| Бр. на рата | Датум | Износ на рата | Износ на главница | Износ на камата | Остаток од долгот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 11.12.2008 | 916.77 | 725.44 | 191.33 | 9,274.56 |
| 2 | 12.01.2009 | 916.77 | 778.27 | 138.50 | 8,496.29 |
| 3 | 11.02.2009 | 916.77 | 797.82 | 118.95 | 7,698.47 |
| 4 | 11.03.2009 | 916.77 | 816.18 | 100.59 | 6,882.29 |
| 5 | 13.04.2009 | 916.77 | 810.78 | 105.99 | 6,071.51 |
| 6 | 11.05.2009 | **916.77** | 837.44 | 79.33 | 5,234.07 |
| 7 | 11.06.2009 | 916.77 | 841.05 | 75.72 | 4,393.02 |
| 8 | 13.07.2009 | 916.77 | 851.17 | 65.60 | 3,541.85 |
| 9 | 11.08.2009 | 916.77 | 868.84 | 47.93 | 2,673.01 |
| 10 | 11.09.2009 | 916.77 | 878.10 | 38.67 | 1,794.91 |
| 11 | 12.10.2009 | 916.77 | 890.80 | 25.97 | 904.11 |
| 12 | 11.11.2009 | 916.77 | 904.11 | 12.66 | 0.00 |
| | | 11,001.24 | 10,000.00 | 1,001.24 | |

**Месечна рата:** е сумата која треба да ја внесете на Вашата сметка во банката. Во случајот за месец мај, сумата (916.77 ЕУР) го вклучува износот на каматата (79.33 ЕУР) и дел од главницата (837.44 ЕУР)

**Вкупната сума** за исплата на кредитот **(11,001.24 ЕУР)** која ги вклучува главницата **(10,000.00 ЕУР)** и каматата **(1,001.24 ЕУР)**

Примерот се однесува за сума од 10,000.00 € - ПроИнстант - бизнис кредит за физички лица чија цел е да се поддржат бизнисите во финансирање со обртни средства, фиксни средства или мешани инвестиции.

**EUX - Кредити индексирани во евра.*

ProCredit Bank

# Транспарентност

## Тема: Кредити

# Транспарентност

## Што треба да ја прашате Банката, пред да побарате кредит! Постојат многу повеќе прашања што еден кредитобарател треба да ги постави.

ПроКредит Банка се залага за поголема транспарентност и објективност во комуникацијата со клиентите и претставувањето на производите. Клиентите се во фокусот на нашето внимание и имаат право на добра и квалитетна финансиска едукација.

### Дали постојат трошоци при пополнување на барање за кредит?

### Каков тип на обезбедување е прифатливо за Банката и дали постојат трошоци за проценка?

**За да биде појасно!**

Банките како обезбедување за кредитите обично прифаќаат: гаранти, меница[1], залог на подвижен имот, хипотека на недвижен имот во рурална и урбана средина или гаранција во вид на вредности како парични средства. За да можете да заложите нешто како обезбедување треба да ја докажете сопственоста, и при тоа потребно е во Банката да доставите определена документација од соодветните служби и да ја заверите на нотар. Одреден вид на потврди, документација, изводи и регистрации, подлежат на трошоци и провизии.
Информирајте се добро колку би чинеле!
Некои Банки имаат свои проценители, кои прават проценка на потенцијалниот залог (подвижен и недвижен имот), при што процесот трае пократко а клиентите немаат трошок за проценка.

**Добро е да се знае!**

Информирајте се и колку е важна за Банката Вашата дејност, работа, перспектива и кредитоспособност, и нејзината флексибилност во поглед на обезбедувањето, со цел тоа да има минимални трошоци за Вас.

**[1] Што е меница ?**

Меницата е хартија од вредност со која нејзиниот потписник, еднострано изјавува дека се обврзува да го плаќа својот долг. Банките наплатуваат трошок за меница во износ од номиналната вредност на меницата.

Меница во форма на нотарски акт е инструмент за обезбедување на побарувањето, со кој во случај на прекината отплата од страна на клиентот, Банката може веднаш во постапка преку извршител да го наплати долгот од кредитот и тоа од целиот имот на клиентот, без да отпочнува судска постапка.

### Дали постојат трошоци за анализа на Вашето барање за кредит и кредитоспособноста?

Некои Банки имаат свои кредитни аналитичари, кои преку разговор и анализа на Вашето работење, се обучени да ја увидат Вашата финансиска состојба и кредитен капацитет без дополнително да Ве оптоваруваат со трошоци, бизнис планови. Подоцна во процесот, Ви се бараат само најнеопходните документи со цел да имате минимални трошоци.

### Колкава е каматната стапка?

**За да биде појасно!**

За да ја добиете сумата која треба да ја платите за еден кредит, треба да го знаете периодот и каматната стапка.

**Пример:**

За кредит од 5000 евра, на 24 месеци, каматата е 9%

Месечната рата изнесува 229 €, а вкупниот износ за враќање изнесува 5496€

**а) дали во каматната стапка се вклучени сите трошоци за кредитот?**

**б) дали постојат и дополнителни трошоци како на пример:**

- административни трошоци за обработка на кредитот
- манипулативни трошоци на крај на секоја година
- други трошоци: трошоци за посета од страна на Банката, следење, пратка на определено известување или други трошоци.

**За да биде појасно!**

За трошоците да Ви бидат појасни и попрегледни, прашајте ја Банката да Ви пресмета и да Ви даде точна сума:

- колку изнесува месечната рата за кредитот: главница и камата?
- колку изнесува вкупната сума за враќање на кредитот: главница и камата?
- колку вкупно ќе чини кредитот: камата и останати трошоци?

**в) дали каматата е пресметана на остатокот на долгот?**

остаток на долг значи дека камата секогаш се пресметува за секој месец одделно на остатокот, дел од кредитот што останува за плаќање до крајот на периодот.

**Важно: Земјоделците треба да го знаат и следново**

а) дали постои грејс период?
б) дали имате нередовен план на отплата зависно од типот на дејноста?
в) дали е прифатлива хипотека во рурална средина, како обезбедување?

### Доколку задоцнам со отплатата на кредитот, колкава е затезната камата што се пресметува?

**Зошто треба да знам:**

Банките стимулираат финансиска дисциплина помеѓу корисниците на кредит, и при тоа е многу важно кредитот да се враќа на време. Навремената отплата сепак Ви гради добра кредитна историја, која се цени од страна на секоја финансиска институција.
Затезната камата се смета како еден вид на предострожна мерка, и треба да знаете колку изнесува.

### Што ќе се случи доколку побарам порано да го отплатам кредитот?

**Прашајте дополнително:**

а) дали Банката го дозволува тоа?
б) дали се пресметуваат трошоци или провизија и колку?
в) која е процедурата за предвремена отплата?

**Зошто треба да знам?**

Информирајте се за процедурата за предвремена отплата на кредитот: какво барање треба да доставите и кому, кои документи треба да ги потпишете за да ја информирате Банката за Вашата намера.

### Дали кредитот се исплаќа во локална валута (денари) или во локална валута со девизна клаузула?

**Зошто треба да знам:**

Важно е да се знае, бидејќи доколку кредитот е исплатен со девизна клаузула , се јавува дополнителен трошок од курсната разлика.

** Кредитот во локална валута со девизна клаузула значи дека отплатата на кредитот се врши според вредноста на странската валута, на денот на уплата на ратата, изразена во денари*

### Дали во договорот е наведено дали каматната стапка е фиксна или променлива?

Информирајте се дали каматата е непроменлива во текот на целиот период на отплата на кредитот.

### И уште нешто!

- Дали морате да дојдете во банка за да пополните барање за кредит?
- Дали Банката располага со стручен кадар за да направи бесплатна анализа на Вашето работење и кредитоспособност, без да имате бизнис план или потврда за добро управување со бизнисот?
- Дали имате определени придобивки од работењето со Банката каде користите кредит: семинари, обуки, презентации итн..
- Дали банкарскиот кадар објаснува детално и дали Ве информира транспарентно околу цените, трошоците и процедурите за кредитите?
- Дали во Банката Ви се достапни и други финансиски услуги, за кои имате потреба?
- Дали Банката Ви е достапна и дали има долго работно време, вклучувајќи ги и саботите?